ЈОЦКА



20

ГОДИНА III

УЧИЛИШТЕН МАГАЗИН СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ ГЕВГЕЛИЈА


Клуб JOCKA

СОДРЖИНА

5 ТРИУМФОТ НА „ДОН КИХОТ“ НА УТРИНСКА ЅВЕЗДА 2025

6 ПАТОПИСНА РЕПОРТАЖА – БАНСКО 2025

8 ГОТВЕЊЕ СО ШЕФ МАРК

9 МАРКО ЈОВАНОВ – ТАЛЕНТ СО ПОЧИТ

11 ИНТЕРВЈУ: ИГОР ЏАМБАЗОВ

13 ИНТЕРВЈУ: СТЕФЧО СТЕФАНОВ

16 ДЕДО МРАЗ И ДАЛИ ЖЕЛБИТЕ МОЖАТ ДА СЕ ОСТВАРАТ

18 НОВОГОДИШНО УКРАСУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО



Медиумски клуб Јоска
СОУ „Јосиф Јосифовски“
Гевгелија

Уредник/ментор
Тони Аврамов

Новинари
Софија Стојанова
Андреј Димов
Ања Поп-Костова
Викторија Тодорова
Марко Јованов
Марија Илкова
Марија Атанасова
Костадин Узунов



СОФИЈА СТОЈАНОВА

ТРИУМФОТ НА „ДОН КИХОТ“ НА УТРИНСКА ЅВЕЗДА 2025

На 34 Меѓународен фестивал на уметноста во Банско Драмската група „Дон Кихот“ од СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија учествуваше со претставата „Адска машина“ во режија на професорката Даниела Џишева, техничка обработка на професорот Тони Аврамов, а на текст од Венко Андоновски.

Годинава на фестивалот учествуваа 3000 учесника од: Украина, Бугарија, Грција, Русија, Македонија…

Во силна конкуренција Драмската група „Дон Кихот“ го освои второто место, а ученикот Костадин Узунов ја доби наградата за најдобра машка улога.



Актерска екипа:

Костадин Узунов
Јована Дупарова
Катерина Јовановска
Марија Илкова
Бранко Проданов
Андреј Димов
Димитар Мајсторов
Никола Јанковски

Техничка екипа:

Благоја Атанасов
Андреј Андонов
Ангел Аевски
Михаил Петров





ПАТОПИСНА РЕПОРТАЖА ЗА БАНСКО – УТРИНСКА SВЕЗДА 2025



Андреј Димов

Како и секоја учебна година, така и оваа година, петта по ред, дојде на ред и натпреварувачката еуфорија која нѐ поведе на драмската сцена во Банско, Бугарија. Драмската секција ,,Дон Кихот'' одлучи уште еднаш да ја презентира својата посветеност и дарба, тргнувајќи на 28.12.2025.

Ова патување беше една приказна за нас – оние кои ја отсликавме драмската изведба на сцена, а сосема друга за оние кои беа вложени во делот на сценографијата и костимографијата. Напорно се подготвувавме и работевме на претставата „Адска машина" од Венко Андоновски, која преку силна симболика ја разоткрива темната страна на човековата природа и механизмите на моќта, а сето тоа го презентиравме на фестивалот „Утринска sвезда"- фестивалот кој ги оибединува музиката, танцот и глумата.







Костадин Узунов, во ликот на Спиридон, ја изведе неговата силна и упорна едноличност, додека Димитар Мајсторов како Силвестер внесе динамика и напрегната енергија во сцените. Јована Дупарова (Ана), Марија Илкова (Мирна) и Андреј Димов (трговецот) ги претставија своите ликови со јасна емоционална нијанса, а Бранко Проданов како Арсо донесе стабилност и тежина во приказот. Никола Јанковски и Катрерина Јовановска, во улогите на терористот и терористката, силно ја доловија мрачната страна на претставата и ја заокружија драмската атмосфера.



Првиот ден од пристигнувањето имавме потполоно слободно време кое ни беше оставено самите да си го организираме. Имавме можност да ја доловиме автентичноста на туристичките детаљи на градот. Времето го минувавме сите заедно дружејќи се и забавувајќи се. Ваквото, патувањер беше доказ за сплотеност и шанса за нови пријателства.

Вториот ден беше денот наменет за сценската изведба на нашата претстава, која ја изведовме пред публиката, давајќи го својот максимум и претставувајќи ја драмската приказна со целосна посветеност. Успешната изведба беше причинител да го скренем вниманието на жирито и со тоа да се пласираме во финалето. На 30.11.2025 во конкуренција со драмска група од Кавадарци и Бугарија имавме можност да изведеме 6 минути од претставата. Салата беше преполна со публика, а на сцената треперевме од преголемата внесеност во сопствените улоги.

Нашата посветеност и труд беа наградени – освоивме втора награда на фестивалот, а Костадин Узунов, за својот впечатлив настап во улогата на Спиридон, беше прогласен за најдобра машка улога. Овој успех ја потврди силата на нашиот тим и ја заокружи незаборавната приказна на драмската секција „Дон Кихот“ во Банско.



ВИКТОРИЈА ТОДОРОВА

ГОТВЕЊЕ СО ШЕФ МАРК

Под водство на шеф Марк, секој предизвик изгледа полесен, затоа што знаеме дека стои зад нас со поддршка и доверба.







На 21.11.2025 учениците од угостителската струка,кои доброволно се вклучија во Проектот: Француска гастрономија готвеа со најпознатиот кувар (Chef) Marc. Искуството беше драгоцено и превкусно.

МАРКО ЈОВАНОВ – ТАЛЕНТ ЗА ПОЧИТ

Цртеж впечатлив и детално изработен. Меките, линии на крзното создаваат реалистичен волумен, додека контрастот меѓу светлите и темните тонови додава длабочина и драматика. Позадината е дискретно обработена, што одлично го истакнува ликот на верверицата во прв план. Целината изгледа природно, живо и со јасно чувство за текстура — одлична техничка и уметничка изведба.



Слика со силна енергија и динамика — коњот е прикажан во момент на моќно движење, со раскошни потези и впечатлива игра на светло и сенка. Комбинацијата од топли и контрастни бои создава чувство на слобода и сила, а експресивната техника ѝ дава живост и драматика. Одлична композиција што веднаш привлекува внимание.

5









ИГОР ЏАМБАЗОВ – ЖИВОТОТ НУДИ МИЛИОН ОПЦИИ

Марија Илкова

Кога првпат почувствувавте дека глумата е Ваш животен повик?
Уште од многу, многу мал. Израснав во театарот, чекајќи ја мама на нејзините проби и претстави. Се разбира, таму беше и мојот дедо Петре кој беше еден голем, голем актер и кој во најмладите години беше мојот идол. Никогаш немав сон како дете да бидам пилот или лекар или адвокат. Од 6 години знаев дека ќе бидам тоа што сакам...

Како успевате да ги споите хуморот и драмата во вашите улоги – што е потешко да се изигра?
Ете баш тука сум на дедо ми. Јас сум од оние што како и тој, смета дека комедијата е далеку потешка за играње. Особено во овие турбулентни денови кога луѓето не можеш баш така лесно да ги насмееш.

Кој лик од вашата кариера најмногу Ве обележал и зошто?
Се разбира дека тоа е Трајче дрварчето, главниот лик во легендарната серија "Волшебното самарче". Партизански курир и херој. Сите тогаш сакаа да бидат Трајче. Но ете, среќата ми се насмевна мене.





Како гледате на современата македонска театарска сцена – дали младите актери имаат доволно простор за изразување?
Младите актери ќе имаат простор онолку колку ќе се изборат, ќе се наметнат…и мислам дека овие млади генерации сфатија дека не можат улогите и ангажманите да паднат од небо, туку дека ќе мора да се заслужат. Затоа и има толку многу приватни или независни проекти, што е секако одлично за театарот ..

Дали имате некој ритуал пред да излезете на сцена или пред снимање?
Во театарот имам некој свој, мал, скриен ритуал. Доаѓам најмалку час и половина пред претставата, се облекувам и шминкам многу рано, се дружам со колегите по гардероби те, кажуваме смешки за да се опуштиме пред претставата. Ќе се изнасмееме меѓусебно, а потоа ќе пробаме тоа да и го овозможиме и на публиката..

Како се справувате со критиките – дали ве мотивираат или ве оптоваруваат?
Како млад актер многу ми значеа. Знаев понекогаш и да се налутам на критичарите, но подоцна сфатив дека ако критиките се добронамерни треба да се преиспитаат, и тогаш се добредојдени…

Ако не бевте глумец, што друго би бил Игор Џамбазов?
Би можел да бидам добар адвокат на пример. Тоа ми го велат многумина правници. Би можел да бидам и добар професор. Но, тоа нема да бидам јас. Јас сум јас само кога сум на сцената…



Вашата кариера е богата и разновидна – што сè уште ве инспирира по толку години?
Љубовта. Таа не инспирирала од секогаш. И се уште е главната тема во моите книги и песни. Ме инспирираат и неправдите и недостатоците на општеството во кое живееме. И како уметник морам да реагирам. И да констатирам…

Како публиката влијае на вашата енергија додека играте во живо?
Се чувствуваме меѓусебно. Тоа е веројатно и најубавиот дел од мојата професија. Таа огромна енергија што ја примаме од публиката, и се обидуваме барем дел од неа да и ја вратиме назад. И се надевам дека успеваме. Односно, сигурен сум…

Кој совет би им го дале на младите што сонуваат да станат актери?
Штом веќе сонуваат, барем нека се обидат. А ако не успеат, ќе си ја пронајдат среќата на друго место. Животот нуди милион опции…

СТЕФЧО СТЕФАНОВ – МЕ ИМА ВРЕМЕНО МЕЃУ КОРИЦИ



Марија Атанасова

Што Ве поттикна да пишувате?

Одговорот што ќе го дадам на ова прашање, колку и да звучи очекувано и неоригинално, е искрен и единствен. Љубовта! На почетокот беше тинејџерската. Од неа тргна пишувањето, се залета, се охрабри, се збудали, полетуваше, се извишуваше, од земја се треснуваше, се тркалаше, се кикотеше, зрееше, се срамеше, се будалеше и фалеше, се занесуваше и освестуваше, пишувањето не застануваше.
И ете го… Сè уште, се залетува, се охрабрува, екпериментира, сега малку позрело и посамоуверено си се дефинира. Не застанува. И пак ќе речам поради љубовта. Можеби да, сега малку во поширок обем, со поширок бокал во кој ја мешам и со посакувањето, страста, животот, апсурдите и паметта, но таа е виновна. Љубовта.

Како ја добивте идејата за Вашата прва книга?
Би сакал да речам – преку ноќ! Буквално така се случи да одлучам што ќе биде првата книга. После повеќе од десет години пишување поезија се изненадив себе со тоа што објавив т.н. кратка новела од стотина страници. Инаку идејата воопшто да се објави книга не се добива преку ноќ. Иако тоа можеби некој си го дозволува. Таа кај мене дојде постепено во тек на неколку години преиспитување дали сум доволно добар да ме има врамено помеѓу корици и следењето на реакциите на публиката при многубројните мои поетски читања и настапувања. Тоа ми беше неопходниот елан-ветер кој со тек на време после многуте такви мои авторски настапи ми шепна – „Еј, изгледа не си лош. Ајде, време ти е за книга!“.

Колку Вашето професионално искуство како психолог влијае врз Вашето пишување?
Свесно, не многу. Но верувам дека потсвесно сигурно влијае. Но, и во нешто друго сум сигурен. А тоа е дека и моето пишување многу влијае врз тоа каков психолог сум. Ослободеноста, креативноста, и психо-педагошката (како што велат) оригиналност во контактот со моите ученици поради кои ја имам нивната наклонетост и доверба, сигурен сум дека се резултат на таквите измешани влијанија.

Како се справувате со „празната страница“ – моментите кога нема инспирација?
Не се доживувам како агресивна личност. Не сум насилник. Не ја малтретирам. Си се почитуваме. Си се одмараме. Свесни дека во секој момент некој од нас може ќе доживее „Аха!“ момент.

Кој дел од пишувањето Ви е најтежок, а кој најубав?
Најубав момент… Ахх, секоја секунда од пишувањето.
Ајде ќе си дозволам да бидам навидум нескромен опишувајќи се себе во поглед на една лична пишувачка карактеристика. Јас кога започнувам да пишувам, доколку знам дека тоа ќе биде книга, тогаш знам дека тоа ќе биде одлично завршена работа и ќе објавам многу добра книга. Наречете ме претенциозен ако сакате, но се познавам себе си. Не си дозволувам да одлучам да пишувам книга ако претходно не скокнам до иднината за да го видам конечното издание и успехот на таа објавена книга. Тоа го правам секогаш. Па откако ќе видам дека да, тоа е тоа, се враќам назад во сегашноста и седнувам да ја напишам книгата. Седнувам, да уживам и едноставно уживам со целото мое постоење додека ја пишувам, уредувам па дури (како што е случајот со четири од вкупно шесте мои објавени) и ја дизајнирам книгата. Една од лекциите кои им ги предавам на моите ученици по предметот психологија зборува за еден вид внимание кое се нарекува посленамерно внимание. Тоа е кога личноста внимава на нешто без никаков напор и со потполна предаденост при што - дали доаѓа ден, ноќ, глад, жед, воопшто не е важно прашање. Тоа е неизбежнот влез во творечкото мислење. Е таков сум тогаш.
А најтежок дел од пишувањето? Тоа е кога после промоциите на моите книги ќе забележам дека се створила редица од неколку читатели што чекаат да им потпишам книга. Сакам секоја посвета да биде оригинална, па понекогаш се занесувам во пишувањето посвета и непријатно ми е кога ме чекаат, па си мислам: „Леле ги изморих љујто, ного време ма чекат…“. Е тогаш се потам







На која публика мислите додека пишувате — млади, возрасни, сите?
Не мислам на сите. Тоа е речиси невозможно да се мисли на сите. За жал има луѓе кои не дека не можат, туку не сакаат да бидат читателска публика на ниту еден книжевен жанр. Едноставно така е. Само на нив не мислам.

Што сакате читателите да запомнат или почувствуваат по читањето на вашите книги?
До сега, една новела, една збирка поезија, три џебни книги посветени на Гевгелија и нејзината душа со немерлива топла големина, и една многу чудно-страсна, арт-збирка хаику поезија се прилично различни книги. Што сакам да се почувствува од нив? Ќе ви шепнат самите книги.

Како успевате да го усогласите времето меѓу работата и пишувањето?
Меѓу работата и пишувањето и ќерките и сопругата и мачорот и кучето и пријателите и добрите филмови и новата музика од омилените музичари и шетањето а во последно време и готвењето? Па многу едноставно. Не гледам вести. Игнорирам политичко-токсични содржини и прекрасно имам време за сè и што уште не.

Подготвувате ли можеби нова книга?
Токму сега во овој момент не сум започнал со нова книга. Планирам следните денови да тркнам до иднината да ѕирнам дали ќе успее една идеја за следна книга што ми крчка во главата од неодамна, па ќе се пофалам кога ќе се вратам ако ја започнам. Но постојано сум присутно буден во креативни процеси кои или самиот ги откривам или пак тие ме пронаоѓаат мене. Пред некој ден со големо задоволство завршив со пишување поезија за еден интересен проект кој комбинира поезија и ликовна уметност, односно соработка помеѓу писатели и ликовни уметници. Ќе се пофалам за тоа повеќе наскоро.

Доколку би имале можност , дали повторно би го избрале истиот животен пат – да бидете и психолог и писател?
Ако веќе ја имам таа можност и таа моќ, тогаш да. Можеби само во некое друго време. Да речеме после 200 години. Колку да не бидеме дел од репризно постоење, туку ново. Но ќе ги земам и сите мои сакани со мене. Без гајле, ќе ве земам и вас почитувани и драги мои!

ДЕДО МРАЗ И ДАЛИ ЖЕЛБИТЕ МОЖАТ ДА СЕ ОСТВАРАТ АКО ВЕРУВАМЕ ВО НЕГО

Ања Поп-Костова



Во студените зимски ноќи, додека снегот тивко паѓа, најмалите ги затвораат очите верувајќи дека некаде далеку на Северниот Пол постои Дедо Мраз. Но дали вистинската магија се крие во Дедо Мраз? Во тој таинствен лик со црвено одело и бела брада, скриен во санката предводена од убавите ирваси. Можеби вистинската магија се крие токму во човековото срце.

Дедо Мраз не е само приказна, тој е искра, надеж, верба и светлина која се раѓа во секој од нас. Вербата и надежта се првата искра на магијата. Кога во нешто цврсто веруваме, светот станува помек, а а нашите срца поотворени. Нашите желби не се остваруваат затоа што некој ги чита писмата оставени под новогодишната елка, туку затоа што вербата не учи да сакаме, да даваме и никогаш да не се откажеме. Баш во тој миг магијата започнува да живее во домот на секој човек. Дедо Мраз може да биде секој од нас. Секој кој подава рака кога ќе паднеме, кој ќе ни подари насмевка во лошите денови, и секој кој ќе не утеши и разбере дури и кога грешиме. Малите добри дела прават чуда.





Желбите се остваруваат тогаш кога некој верува во нас, повеќе од што ние самите веруваме во себе. Тогаш само еден збор станува утеха, еден гест станува подарок а едно срце станува дом. Така несвесно секој од нас, станува Дедо Мраз за некого, па дури и во летто.

На крајот можеби најдоброто сознание е дека Дедо Мраз никогаш не исчезнал. Тој е присутен, се додека постои човек што верува и прави добро. Вистинската магија не е во подароците, туку во луѓето кој умеат да подарат надеж и љубов.

Кога ќе престанеме да го бараме Дедо Мраз во приказните и бајките, и ќе почнеме да го создаваме во самите себе, тогаш светот ќе стане место каде желбите навистина се остваруваат. Место каде секој од нас ќе го пронајде својот дом, во срцето на некој друг.

НОВОГОДИШНО УКРАСУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО



Костадин Узунов

Во пресрет на новогодишните празници, нашето училиште доби поинаков, свечен изглед, со што уште еднаш се потврди дека празничниот дух најдобро се создава со заедничка работа и добра волја. Учениците од нашето училиште, во организација на Ученичкиот совет активно работеа на украсувањето на училиштето, со цел да се создаде топла и пријатна атмосфера за сите ученици и наставници.

Центарот на вниманието секако беше ходникот на училиштето, каде што беше поставена новогодишна елка. Таа веднаш привлече погледи и стана главно место на собирање, фотографирање и разговори за претстојниот дочек на 2026 година.

Покрај елката, по ѕидовите на училиштето беа поставени бројни новогодишни украси. Снегулки, снешковци, ѕвончиња и други декоративни елементи ја исполнија училиштната зграда со празнични бои и симболи. Секој дел од холот и ходниците доби нов изглед, а украсите беа внимателно распоредени за да создадат чувство на хармонија и радост.

Учениците кои учествуваа во оваа активност истакнаа дека украсувањето не било само обврска, туку и можност за дружење и заедничко создавање. Преку оваа иницијатива, тие покажаа дека училиштето не е само место за учење, туку и простор каде што се гради заедништво и позитивна енергија.





Честитки изработени по предметот
Програмски јазици со професорот Горан Манев






POST CARD
ADDRESS
To: You
From: Dimitar
Date: 25.12.2025
CORRESPONDENCE
Warmest wishes for a joyous Christmas and a peaceful New Year! May your holidays be filled with love, laughter, and the magic of the season. Merry Christmas!
ARRIVAL


HAPPY NEW YEAR'S
2026
Let the New Year give you love and happiness, focus on yourself and the people who make you feel good.
Stefanija Markova